# Стратешки план за работа на МППС
# За периодот 2016-2018 година

Стратешки план за работа на МППС

За периодот 2016-2018 година

**Февруари 2016**

## Вовед

МППС работи на креирање на инклузивни програми и лобирање за нивна имплементација преку законската регулатива, со цел превенирање на ризикот од сиромаштијата и намалување на истата, земајќи ги во предвид нејзините причини и последици.

Во фокусот на работењето на МППС се областите вработување, човекови права, недискриминација, здравство, социјална политика, децентрализација, домување, родова еднаквост, обрзование, млади, семејство, работни односи, детски права, стари лица, жртви на семејно насислтво и лица без лична документација.

За периодот 2016 – 2019 година наш приоритет се социјалната и здравствената заштита, младинската сиромаштија, економското јакнење на лицата во социјален ризик, невработените лица, како и лицата кои се вработени а сиромашни.

## Мисија / Визија

Мисијата на МППС е унапредување на принципите на еднаквост, солидарност, недискриминација, промоција и заштита на човековите права и слободи на сите луѓе во Република Македонија, Европа и пошироко.

Визијата на МППС е општество на благосостојба, недискриминација, развој и мир.

## СО1: Следење и застапување за унапредување и имплементација на законодавната регулатива и националните политики

### 1.1. Следење на Националниот план за усогласување на законодавството со ЕУ - НППА

НППА претставува целосен план на активностите поврзани со усогласување на законодавството кои државата треба да ги исполни со цел да се квалификува како членка на ЕУ. Фокусот на МППС е врз Поглавје 19 - Социјална политика и вработување. Попрецизно, усогласувањето на националното со европското законодавство во рамките на МТСП се врши во доменот на трудот и вработувањето, социјална инклузија, социјалната заштита, социјалното осигурување, социјалниот дијалог, безбедност и здравје при работа, антидискриминацијата и еднаков третман на мажи и жени.

Улогата на МППС ќе биде редовно да ги следи состојбите и да дава свои предлози, насоки и препораки за подобрување на истите, преку анализа на:

- Извештаите од Европската Комисија за напредок на земјата[1]
- Периодичните извештаи на Комитетот за социјални, економски и културни права на ЕУ [2], а во врска со Конвенцијата за заштита на социјалните, економските и културните права
- ЕУ 2020 и ЈИЕ 2020[3]
- Работата и постигнувањата на националните мрежи членки на ЕАПН.

### 1.1.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Следење на процесот на донесување на новите закони со ЕУ знакче од страна на Собранието на РМ
- Анализи на извештаите од претходната година и давање препораки за унапредување на состојбите
- Изработка на компаративни анализи за состојбите и проблемите кај нас и во слични европски земји
- Воспоставување соработка со членови од Влада и Собранието кои би станале наши лобисти во НППА.

### 1.1.2.Очекуван резултат

- Објавени анализи со препораки
- Поднесоци до релевантните сектори
- Остварени состаноци со креатори на политики и документи
- Препораки земени во предвид при креирање на нови законски решенија
- Најмалку по 5 сојузници во Влада и Собрание

## 1.2. Следење на националните политики поврзани со мисијата на МППС

МППС се залага за донесување на законска регулатива кои ќе ја отсликува социјалната определба на нашата земја. Се залагаме законите да ги отсликуваат потребите на граѓаните и да бидат правични за сите. За нас најважна е димензијата на инклузивност при креирањето на политиките, особено кај оние кои придонесуваат за намалување на сиромаштијата.

За жал, сведоци сме на брзо донесување и менување на законски регулативи во сите сфери на работењето. Исто така забележуваме дека најчесто овие регулативи се креираат од кабинети и без проверка на нивната соодветност од страна на групите за кои се наменети.

---

1 Извештај за напредокот на Република Македонија 2014, http://www.sep.gov.mk/data/file/Progres%20Report%202014/Izvestaj%20MK_PROV_10_10_2014.pdf

2 Committee on Economic, Social and Cultural Rights - Combined second, third and fourth periodic reports of States parties due in 2008, The former Yugoslav Republic of Macedonia* http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/SessionDetails1.aspx?SessionID=969&Lang=en

3 ЈИЕ2020: Работни места и просперитет во Европска перспектива, http://studiorum.org.mk/h2020mkd_upload/upload/Strategija%20za%20JIE%202020.pdf

За жал, многу ретко претставници од нашите целни групи добиле било каква шанса да го кажат своето мислење во рамки на подготовка на регулативата.
Затоа ние ќе се вклучиме во процесите на измени и дополнувања на постоечките закони, но и во креирањето на нови законски регулативи, преку директно вклучување на лицата кои се во социјален ризик.

### 1.2.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Формирање на тело за лобирање
- Анализи за влијанието на постоечките законските решенија врз и лицата во социјален ризик и изготвување на извештаи во сенка со давање препораки за унапредување на состојбата
- Иницирање на измени и дополнувања на закони поврзани со мисијата на МППС
- Иницирање на јавни расправи во Комисијата за социјална заштита при Собранието на РМ
- Развивање на модел кој ќе им овозможи на младите да добијат квалитетни понуди за вработување, натамошно образование, практиканство или дообука, по примерот на европската Младинска гаранција
- Изработка и поднесување на годишни извештаи за состојбите поврзани со сиромаштија во Македонија до сите релеватни институции
- Воспоставување активна соработка помеѓу МППС и работните тела на МТСП, Национално координативно тело, АВРМ, и сл.
- Зајакнување на лица кои се спремни отворено да говорат за својата состојба во јавност
- Вмрежување и социјализација на лицата кои живеат во социјален ризик
- Развивање на дијалог помеѓу лицата кои живеат во сиромаштија и институциите, политичките партии и владата на РМ.

### 1.2.2.Очекуван резултат

- Изготвени и доставени предлози од страна на МППС до релевантни институци
- Медиумски промовирани изработени документи, особено годишниот извештај за сиромаштија и социјална исклученост
- Активно учество на МППС во работните тела на МТСП, Национално координативно тело, АВРМ, и сл.
- Вклучени лица кои живеат во социјален ризик, во процесите на подготовка на законска регулатива
- Зголемен социјален капитал кај најмалку 30 лица
- Отворен дијалог помеѓу лицата кои живеат во сиромаштија и институциите, политичките партии и владата на РМ.

## 1.3. Локални политики за намалување на сиромаштијата

Децентрализацијата не донесе големи промени во социјалната политика на локално ниво, заради големата централизираност на финансиите на централно ниво. Сепак тоа не ги ослободува од одговорноста локалните самоуправи да се се грижат за благосостојбата на своите граѓани.

Во последната година се поголем е притисокот од нашите членки за пренесување на националните политики и имплементација на овие политики во локалните средини. Целта е да се иницира вклучување на локалните граѓански организации во следењето на политиките кои ги носи владата со акцент на сиромашните и социјално исклучените лица, но и нивна адаптација и примена на локално ниво.

### 1.3.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Локално социјално мапирање
- Иницирање на формирање на локални тела за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост (иницирани од страна на членките на МППС)
- Креирање на локални мрежи за соработка и комуникација помеѓу членките на МППС и останатите граѓански организации, на теми поврзани со сиромаштијата
- Иницијатива и поддршка од страна на МППС на локалните граѓански организации при вклучување на маргинализираните групи на граѓани во спроведување на нивни активности
- Организирање на јавни расправи на локално ниво на теми поврзани со сиромаштијата и социјалната исклученост
- Зајакнување на лица кои живеат во социјален ризик отворено да говорат за можностите, условите за живеење и работа во својата средина
- Застапување пред надлежните институции за лицата без документација да бидат воведени во ситемот на РМ

### 1.3.2. Очекуван резултат

- Социјални мапи на локалните самоуправи
- Формирани локални тела за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, кои ќе изработуваат предлози и за истите ќе се застапуваат пред локалните самоуправи
- Искористување на експертизата на граѓанските организации за развој на локалната заедница
- Воспоставена активна соработка и комуникација меѓу локалните граѓански организации и локалната самоуправа
- Поголема информираност на теми теми поврзани со сиромаштијата и социјалната

исклученост

- Директно вклучени лица кои живеат во социјален ризик во активности иницирани од граѓанските организации
- Вклучување на зајакнатите лица во локалните процеси на донесување одлуки

### 1.4. Застапување за воведување на мерката адекватен минимален приход (АМП) во националната регулатива на Република Македонија

Во моментов Република Македонија има застарен модел на социјална заштита и на истот му недостигаат сет на мерки и активности со кои би се поставила заштитна мрежа од сиромаштија за сите граѓани на државата. Тоа би значело дека наместо да се санираат последиците од сиромаштијата ние предлагаме превентивни механизми за да не дојде до запаѓање во неа.

#### 1.4.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Истражување за потребата од воведување на АМП
- Воспоставување на група за соработка и лобирање со политичките партии, со цел иницирање на мерката во законодавниот дом на РМ
- Организирање на Конференција за АМП
- Воспоставување соработка и размена на искуства преку заеднички активности со синдикална или граѓанска организација од земја членка на ЕУ.
- Континуирана активна соработка и комуникација со ЕАПН

#### 1.4.2.Очекуван резултат

- Реализирано и публикувано истражување за потребата од воведување на АМП
- Формирана група за соработка и лобирање со политичките партии
- Иницирана јавна расправа за АМП во Собранието на РМ
- Најмалку 5 експерти присутни на Конференција за АМП
- Реализирани најмалку 3 заеднички активности со синдикални или граѓански организации од земја членка на ЕУ.

## <u>СО2: Поттикнување на активното учество на граѓаните во креирање и ревидирање на националните и локални политики</u>

### 2.1. Активно учество на ранливите категории граѓани во промоција на нивните и на основните човекови права

Со цел јакнење на ранливите категории граѓани и поткренување на свеста за нивната положба во општеството, потребно е истите да се афирмираат и активно да учествуваат во

креирање, застапување и промовирање на нивните и на основните човекови права. Неопходно е да се работи на нивно социјално вклучување, особено во делот на директно вклучување во процесите на креирање и донесување одлуки што се однесуваат на нив.

### 2.1.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Зајакнување на капацитетите на членките на МППС за активно граѓанство и граѓанско учество
- Воспоставување на систем на меѓусебно менторство и поддршка во рамки на членството на МППС
- Примена на интернационални искуства за реализација на процес на јакнење на ранливите категории на групи и граѓани
- Едукација и тренинг за застапување на сопствените права во државните процеси
- Креирање на стратегија за активно вклучување на сиромашните и социјално исклучените лица во процесот на донесување на одлуки што се однесуваат на нив

### 2.1.2. Очекуван резултат

- Ранливите категории граѓани се посвесни за сопствените права и истите знаат да побараат и остварат
- Ранливите категории граѓани се зајакнати да учествуваат во креирање и имплементација на новите и постоечките политики
- Ранливите категории граѓани учествуваат во процесот на донесување одлуки и во процесот на мониторинг
- Гласот на ранливите категории граѓани е препознаен кај релевантните чинители во државата, кои се одговорни за остварување на основите човекови права.

## 2.2. Организирање на јавни настани и обуки со ранливи категории на граѓани преку нивно активно учество

МППС се залага за активно учество на ранливите категории граѓани во сите аспекти незиното работење – од внатрешно управување до претставување на ставовите на МППС во јавноста. Затоа е потребно дополнително организирање на активности преку кои директно ќе дадеме пример за активно учество на ранливите категории и важноста за нивно вклучување во сите општествени процеси. Целта на ваквото работење е преку сопственинот пример да се инцираат слични активности од другите граѓански организацаии, но и да се изврши притисок врз државните институции задолжително да ги водат процесите преку инклузивни политики.

### 2.2.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Организирање на јавни активности од страна на МППС низ територијата на РМ
- Поддршка и вклучување на ранливи категории на граѓани во креирање на темите и текот на јавните настани;
- Обуки на ранливи категории на граѓани за јавно говорење, себезастапување, презентациски и други вештини.
- Градење на лидери на заедниците
- Организирање на настани за социјална интеграција на нашите членки
- Промовирање на претставници на ранливите категории граѓани во како обучувачи за сиромаштија (Експерти за сиромаштија се сиромашните)

### 2.2.3. Очекуван резултат

- Учество на ранливите категории граѓани во јавните активности (најмногу отворени дебати и трибини) како промотори на идејата за инклузивно општесво и мотиватори за сопствените групи/заедници
- Активно вклученост во креирањето и реализацијата на настаните
- Обучени преставници на ранливи категории на граѓани кои може да се себезастапуваат во различни прилики
- Мотивација и охрабрување на што поголем број на претставници да зборуваат јавно, преку примерот на говорниците од ранливите категории

## 2.3. <u>Внатрешно јакнење на МППС</u>

Долгогодишното работење на платформата носи предности и слабости. Од една страна се зголемува обемот на активности и бројот на нови членки, а од друга страна се продлабочува јазот помеѓу различностите со кои се соочува членството. Затоа е неопходно да се работи на одржување на тимскиот дух, групната работа и взаемната поддршка. Истовремено како приорите треба да се издвои задолжителното директно вклучување на лица кои живеат во социјален ризик во органите и програмите на МППС.

### 2.3.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Промовирање на солидарноста и поддршката преку размена на знаења и искуства
- Градење на капацитетите на телото за лобирање
- Организирање на меѓусебна едукација во рамки на членството на МППС
- Реализирање на тренинзи за тимска работа, личен развој и менаџмент на човечки ресурси.
- Активности за јакнење и поддршка на лицата кои ќе се вклучуваат во директната работа на МППС

- Креирање отворена платформа на знаења за членките – дигитална библиотека на информации, публикации и алатки
- Воспоставување на пракса за меѓусебно споделување на добри практики, поддршка на активности и реализација на заеднички проекти/настани.
- Мотивација и поддршка секој член на МППС да стане нејзин промотор и глас.

### 2.3.2. Очекуван резултат

- Заеднички настап на организации во иницијативи за менување на воспоставени општествени практики
- Внатрешни иницијативи за поддршка на огранизациите
- Зајакнати капацитети на МППС

## 2.4. Состаноци на лица кои живеат во сиромаштија

Иако сиромаштијата по големина и опфат е најголемиот светски проблем, сепак лицата кои ја живеат секое општество се труди да ги направи невидливи. Тоа е поттикот да се организираат масовни и видливи собири на лица кои живеат во сиромаштија. Покрај тоа што тие вршат општествен притисок и имаат улога во креирањето на идните политики, на лицата кои што учесвуваат на нив им овозможуваат една платформа за меѓусебна поддршка и поттик тие самите, индивидуално или организирано да се вклучат поактивно во процесите кои се однесуваат на нив.

Како членка на ЕАПН, МППС веќе има воспоставена практика на учество во активностите реализирани од нивна страна и тоа е механизам кој и понатаму треба да се користи.

### 2.4.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Присуство и учество на Конференцијата за сиромашни и социјално исклучени лица, организирана од ЕАПН
- Организирање на национална Конференција  за сиромашни и социјално исклучени лица
- Подготовка на Декларација на сиромашни и социјално исклучени лица, од страна на лица кои живеат во социјален ризик

### 2.4.2. Очекуван резултат

- Најмалку 2 лица кои се лица кои живеат во сиромаштија присуствуваат и учествуваат на европските состаноци на ЕАПН;
- Изработена и промовирана Декларација на сиромашни и социјално исклучени лица
- Присуство на најмалку 100 лица на националната конференција
- Присуство на претставници од соодветни институции, организации и партнери
- Масовна медиумска покриеност

### 2.5 Воспоставување стратешки партнерства

Во периодот кој следи МППС мода да работи на своето позиционирање на национално и интернационално ниво. Воспоставување на стратешки партнерства и подрршка од домашни и надворешни организации може да обезбеди голема помош.

#### 2.5.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Воспоставување активна соработка со Синдикални организации и искористување на нивните знаења и позитивни практики
- Склучување на меморандуми за соработка со сродни мрежи, организации или фондации на национално ниво
- Воспоставување на соработка на нашите лобисти со релвантините институции
- Воспоставување соработка и обезбедување поддршка од интернационални организации и претставништва
- Континуирана соработка со ЕАПН и нејзините членки
- Меѓусекторско поврзување и вмрежување со различни организации
- Членство во интернационални организации кои работат на сродни теми

#### 2.5.2. Очекуван резултат

- Поквалитетно функционирање на МППС
- Помош при лобирање
- Превземени искуства и нивна вклученост во активностите

## СО3: Следење на стандарди за квалитетни и сеопфатни сервиси за социјално вклучување

### 3.1. Анализа на квалитетот и сеопфатноста на постоечките сервиси

Досегашната пракса покажува дека е неопходно да се направи мапирање на постоечките и новите социјални сервиси на социјални услуги. Целта на оваа активност е подобрување на квалитетот на постоечките услуги, изработка на протоколи за обезбедување на минимум стандарди, како и започнување на процесот на лиценцирање на давателите на социјални услуги. Социјалните сервиси и нивната имплементација на локално ниво треба да гарантираат квалитетни услуги и сеопфатен пристап на маргинализираните групи.

#### 3.1.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Идентификување на граѓанските организации кои имаат интерес да се вклучат во давање на социјални услуги на маргинализирани група на граѓани и нивните потреби да започнат со работа

- Мапирање на даватели на услуги и нивно систематизирање, со акцент на членките на МППС
- Подготовка на протокол за обезбедување на минумум стандарди за давателите на социјални услуги преку координација на МППС и МТСП
- Започнување на процесот на лиценцирање на давателите на социјални услуги

### 3.1.2. Очекувани резултати

- Идентификување на потенцијални даватели на социјални услуги и воспоставен систем за нивна поддршка
- Извршено ново мапирање на даватели на услуги
- Изработена публикација со сервиси кои нудат социјални услуги
- Лиценцирани даватели на социјални услуги

## 3.2. Унапредување на сервисите за социјално вклучување

Сервисите кои постојат за маргинализираните групи граѓани треба да се достапни, пристапни и да нудат квалитетни услуги во согласност со нивните потреби. Сепак, заради нивната долгорочна одржливост, неопходно е да се обезбеди поддршка и субвенционирање од страна на МТСП, ЕЛС и бизнис секторот.

### 3.2.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Анализа на квалитетот на сервисите и давателите на социјални услуги
- Спроведување на обуки од страна МППС за давателите на социјални услуги
- Имплементација на „системот за акредитација“ за социјални програми од страна на МТСП, ЕЛС и бизнис секторот
- Дообука и доедукација на стручниот кадар на социјалните сервиси
- Изработка на правилници за соодветните области

### 3.2.2. Очекувани резултати

- Подобрени услуги за корисниците на сервисите
- Поквалитетен кадар на социјалните сервиси

## 3.3. Промовирање на постоечките сервиси

Оваа активност е тесно поврзана со претходните две активности и се однесува на афирмација и промоција на сервисите кои нудат социјални услуги, на локално и национално ниво, а целта е маргинализираните групи на граѓани да се доближат до услугите кои ги нудат социјалните сервиси, да се олесни нивниот пристап до квалитетни услуги, но и да се изврши промоција на сервисите пред бизнис секторот и потенцијалните донатори.

### 3.3.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Промовирање на давателите на услуги
- Промоција на публикација со сервиси кои нудат социјални услуги
- Придружба и упатување на директните корисници до сервисите

### 3.3.2. Очекувани резултати

- Зголемена можност за финансиска поддршка од страна на потенцијални донатори и бизнис секторот
- Зголемена видливост на активноста од страна на медиумите

**<u>СО 4: Промовирање на социјалната економија</u>**

Огромната невработеност е најголемиот проблем на граѓаните во Република Македонија и неопходно е искористување на сите можности за нејзино намалување. Како дел од решението е развојот на „третиот сектор“ кој игра важна улога во развивањето на паметен, одржлив и инклузивен модел на социо-економски развој, преку развојот на социјалната економија и социјалните претпријатија.

Третиот сектор го сочинуваат асоцијации, волонтерски и организации од заедницата, организации од јавен интерес, организации со заеднички интерес, социјални претпријатија, кооперации и големи и мали заеднички фондови. Терминот „социјална економија“ се користи за да се дефинира конкретен дел од економијата: група организации (од историска гледна точка групирани во четири главни категории: кооперативи, задружни организации, здруженија и во последно време фондации) кои најчесто се насочени кон социјални цели и имаат партиципативен систем на управување.

### 4.1 Нови знаења за новите времиња

МППС во иднина ќе се залага заедно со МТСП и АВРМ да им овозможи на маргинализираните групи на граѓани соодветен и бесплатен пристап до верифицираните програми за стекнување со нови знаења, вештини  и компетенции кои во иднина ќе им помогнат до долгорочно вработување и финасиска одржливост.

### 4.1.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Едукација и преквалификација според верифицираните програми за стекнување со нови вештини
- Јакнење на претприемачките вештини, особено кај младите
- Промоција на волонтерството како можност за стекнување на нови знаења и нови вештини

### 4.1.2 Очекуван резултат

- Мотивирани и обучени граѓани спремни да започнат со сопствен бизнис
- Активни волонтери во организациите членки на МППС
- Вработени лица кои ги поминале верификационите програми
- Охрабрени лица да ги искористат можностите кои ги нуди државата во намалувањето на невработеноста (поволности предвидени во Оперативните планови за вработување)

## 4.2 Социјално претприемништво

Социјалните претпријатија се приватни организации кои вообичаено се стремат и кон други цели, освен профит: нивната главна цел не е да генерираат профит за сопствениците или акционерите, туку да обезбедат добра и услуги за нивните членови или за целата заедница.

### 4.2.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Промовирање на социјалното претприемништво, неговите можности и неговата важност за општествениот развој, меѓу членките и пошироката јавност
- Едукација за градење кариера преку социјалното претприемништво
- Поддршка при отварање на социјални претпријатија

### 4.2.2 Очекуван резултат

- Иницијативи за формирање на социјални претпријатија
- Формирано социјално претпријатие во рамки на МППС

## 4.3 Финансиска одржливост на маргинализираните групи на граѓани

Реализацијата на социјалните програми бара соодветна финансиска поддршка и особено е важно да се обезбеди долгорочна финансиска одржливост. Затоа е неопходно да се мотивираат граѓанските организации да мобилизираат дополнителни финансиски ресурси преку реализација на сопствени економски активности и соработка со бизнис секторот, а стекнатиот приход да го инвестираат кај своите целни групи.

Ова е од особено значење доколку станува збор за поддршка на припадници на маргинализираните групи бидејќи за нив е исклучително тешко да се извлечат од сиромаштија доколку немаат редовен пристап до приходи.

### 4.3.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Поттикнување на финансиски активности во рамки на граѓанските организации и реинвестирање на стекнатиот приход за своите целни групи
- Меѓусебно интерсекторско здружување на организациите за заеднички економски активности

- Поттикнување на партнерства меѓу бизнис секторот и граѓанските организации
- Зголемување на информираност и знаењата за можностите за обезбедување на финансиската стабилност на граѓаните
- Промовирање на можности за намалување на трошоците за живеење и алтернативна домашна економија

### 4.3.2 Очекуван резултат

- Вклучени претставници на маргинализирани заедници во економските активности на граѓанските организации
- Претставници на маргинализирани заедници со стекнати знаења и вештини, способни сами да остварат приход
- Воспоставени долгорочни деловни соработки меѓу граѓански организации и бизнис сектор

**<u>СО 5: Комуникација со пошироката јавност</u>**

Своето комуницирање со пошироката јавност МППС го темели врз својата комукациска стратегија. Таа претставува основа за анимирање на медиумите и промовирање на работата на платформата во јавноста.

### 5.1. Препознатливост на МППС во јавноста како клучен чинител за прашања поврзани со сиромаштија, социјална исклученост и нееднаквост

МППС треба да е препознаена во медиумите и јавноста како клучен референт за состојбата на сиромаштија во Македонија. Платформата треба да се позиционира како клучен партнер на македонската јавност во однос на прашањата поврзани со сиромаштија и социјална исклучеснот, како и застапување и унапредување на правата на лицата кои живеат во сиромаштија и лицата кои се социјално исклучени.

### 5.1.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Организирање на масовни активности за поткренување на свеста и знаењето за теми поврзани со сиромаштијата, нејзините причини и последици
- Иницирање на јавни кампањи за важни теми за надминување на состојбата во социјалната сфера
- Иницирање на „Движење за достоинствен живот“, граѓанска платформа која ќе има за цел интензивирање на притисокот за подобри социо-економски услови на граѓаните на РМ
- Отворен ден – можност граѓаните да дојдат во одреден термин ако сакаат да се информираат и да биде вклучени во работата на МППС
- Објективно информирање на јавноста за вистинската ситуација на

маргинализираните групи на граѓани, преку споделување на нивните реални животни приказни

- Креирање на информативни материјали кои може лесно да се испечатат
- Волонтерски и герила активности за дистибуција на информативни материјали

### 5.1.2. Очекуван резултат

- Спроведени најмалку 3 хуманитарни активности од страна на членките на МППС, со порака дека не се доволни напорите на граѓаните, потребна е квалитетна системска рамка
- Организарани најмалку 3 национални кампањи
- Организирани најмалку 2 јавни настани годишно
- Изработени и промовирани најмалку 3 видео записи со животни сведоштва
- Препознаеност на МППС како стратешки партнер во пошироката јавност

## 5.2. Споделување на информации за активностите на членките на МППС

Членките на МППС ги застапуваат интересите на лицата кои живеат во социјален ризик и работат директно со нив. Преку нивните активности најдобро се отсликуваат потребите на овие ранливи категории на граѓани. Затоа е многу важно да им се оддаде признание за нивната работа и да се промовираат нивните активности и проекти, бидејќи токму тоа доведува до општествени промени и поквалитетен живот за сите.

### 5.2.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Промовирање на членките на МППС
- Промовирање на позитивни искуства и општествени промени со реализирање на проектите на членките на локално и национално ниво
- Подготовка и презентација на Годишни извештаи со сите активности на нашите членки

### 5.2.2. Очекуван резултат

- Зголемена видливост на активностите на членките на МППС
- Превземени примери од Годишните извештаи за активностите на членките на МППС, од страна на други граѓански организации
- Зголемен интерес за членство и соработка со МППС

## 5.3. Споделување на информации кои произлегуваат од соработката со ЕАПН

Со цел усогласување на процесите и политиките на МППС со оние на ЕАПН, материјалите

кои ЕАПН ги користи сакаме да ги направиме достапни за членките на МППС, лицата кои живеат во сиромаштија и целокупната јавност во државата.
Од друга страна, МППС превзема обврска да ги известува членките и пошироката јавност за својата работа, реализираните активности и постигнатите резултати, произлезени од членството во ЕАПН.

### 5.3.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Редовно известување за работата на МППС во ЕАПН и активностите произлезени од соработката
- Информирање за искуства/настани/проекти кои ги спроведуваат националните мрежи членки на ЕАПН
- Известување за конкретни активности како конференции, истражувања, мапирање, публикации и сл
- Преведување на ЕАПН материјали

### 5.3.2. Очекуван резултат

- Преведени стратешки документи и прирачници од ЕАПН и националните мрежи против сиромаштија.
- Издавање квартален он-лине информатор за активностите поврзани со ЕАПН

## 5.4. МППС во медиумите

Досега најголемата информативна активност на МППС се случуваше на интернет, но тоа во периодот што следува мора да претрпи промена. Ние мораме да ги прилагодиме своите канали на информирање на нашите целни групи и затоа тенденцијата е покрај он-лине да имаме и локализирано и достапно информирање.

### 5.4.1. Активности со фокус на мисијата на МППС

- Подготовка на годишни планови за односи со јавноста
- Учество на МППС во традиционалните медиуми, со посебен акцент на гостување на локални медиуми
- Афирмација на МППС на интернет и преку социјалните медиуми
- Давање поддршка и приклучување кон национални и интернационални медиа кампањи
- Формирање на медиа тим задолжен за следење и комуникација со медиумите

### 5.4.2. Очекуван резултат

- Медиумски референци од МППС во медиумите

- Зголемена посетеност на интернет местата на МППС
- Локални иницијативи за поддршка на мисијата на МППС
- Зголемена видливост и препознатливост на МППС во јавноста